

Атанас Кршаков (1883 – 4. VII 1907) е македонски револуционер, член и војвода на Македонската револуционерна организација. Учествувал во борбите уште пред Илинденското востание, но, еден месец пред Востанието бил тешко ранет во една борба со турскиот аскер и поради тоа не можел да земе учество во борбите во текот на самото Востание. По Илинденското востание, како војвода на чета водел повеќе борби против турскиот аскер и грчките андарти.

Атанас Каршаков е роден во 1883 година во костурското село Косинец. Негов братучед е Васил Кршаков, четник на Васил Чакаларов и селски војвода. Атанас (Насе) се образувал во родното место, а потоа учи во Битолската класична гимназија. Но, ја напушта гимназијата и влегува во редовите на Македонската револувионерна организација. Станува четник при Марко Лерински, а подоцна е назначен за војвода во Костурско револуционерен реон.

Заедно со Лазар Киселинчев, Васил Чакаларов и Дељо Марковски, Насе организирал канали за внесување на оружје од Албанија и Грција. Но, на 8 јули 1903 година, еден месец пред почетокот на Илиндеснкото востание, тој бил потешко ранет од луѓе на Коте Христов и поради тоа не можел да земе учество во борбите во текот на самото Востание.

По Илинденското востание, како војвода на чета водел повеќе борби против турскиот аскер и грчката вооружена пропаганда во Костурско.

Во септември 1905 година четата на Каршаков го одбива андартски напад над село Бесвина и го спречува масакрот врз населението. Еден месец подоцна на 15 октомври, заедно со четите на Митре Влаот и Пандо Кљашев, ја разбиваат андартската чета на Василакис Лахтарис (Николаос Платанијас) во селото Оровник.

Грчкиот андартски капетан Пердикас, кој извршил бројни злодела врз месното население, бил ликвидиран од македонскиот војвода Атанас (Насо) Кршаков.

На 4 јули 1907 година четата на Атанас (Насо) Андреев Кршаков (Каршијаков) се бори крај село Стенско, со андартски чети на капетан Рупакјас (Георгиос Томбрас) и капитен Лахтарас, како и со пристигнатите подоцна турски војници. Тешко повреден, Каршаков се повлекува во Стенско каде се самоубива, за да не падне во рацете на противникот.

По самоубиството на Насе, неговите четници му ја отсекле главата за да ја зачуваат. Потоа се повлекле кон село Д’мбени, каде што се сликаат за спомен со пресечената глава на својот омилен војвода. Фотографијата бил направена од Леонидас Папазоглу.

Георги Бистрицки за него пишува: „Атанас Каршаков од с. Косинец, со нецелосно средно образование, избувлив и храбар војвода, се истакнува во лутите борби со Турци и Грци, легендарен по отстранувањето на башибозучкиот шеф во Нестрам- кол, славно загина во голема борба со Турци, башибозуци и грчки бандити во с. Грче за одбрана на братот роб.“